# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО


| | | |
|---|---|---|
| **„Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ** | **Година LXV<br>Број 3<br>Куманово<br>25 февруари 2020 г.** | **Претплата за 2020 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939** |


**111.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за прогласување на Ден на жалост во Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за прогласување на Ден на жалост во Општина Куманово, Бр. 09-1739/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на вонредната седница одржана на 24 февруари 2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-1772/1
24 февруари 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**112.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово‘‘ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 24 февруари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прогласување на Ден на жалост во Општина Куманово**

Член 1

Советот на Општина Куманово 25.02.2020 година го прогласува за Ден на жалост во Општина Куманово.

Денот на жалост се прогласува по повод трагичната несреќа која се случи на 23.02.2020 година во семејна куќа во селото Романовце, кога поради настаната експлозија на плинска боца трагично ги загубија животите три деца и едно возрасно лице.

На Денот на жалост знамињата ќе бидат истакнати на половина копје.

Сите културни, спортски, забавни и други манифестации кои се закажани за 25.02.2020 година се откажуваат.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 1739/3
24 февруари 2020 година
Куманово

Совет на ОпштинаКуманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

## СОДРЖИНА

**111.** Заклучок за објавување на Одлука за прогласување на Ден на жалост во Општина Куманово………. 83

**112.** Одлука за прогласување на Ден на жалост во Општина Куманово........ 83